РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр./Nr. 13-371/5
05-02-2026 20 год. / viti

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА
# RAPORTI PËR VLERËSIMIN E NDIKIMIT TË RREGULLATIVËS

| | |
|---|---|
| Назив на министерство:<br>Emri i ministrisë: | Министерство за социјална политика, демографија и млади<br>Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe të Rinjve |
| Назив на предлогот на закон:<br>Emri i Propozim-Ligjit: | Предлог на Закон за социјални претпријатија<br>Propozim-Ligji për Ndërmarrjet Sociale |
| Одговорно лице и контакт информации:<br>Personi përgjegjës dhe të dhënat kontaktuese: | Анкица Ивановски<br>AIvanovska@mtsp.gov.mk<br><br>Александра Славкоска<br>ASlavkoska@mtsp.gov.mk |
| Вид на Извештај:<br>Lloji i Raportit: | ☒Нацрт/Draft<br><br>☐Предлог/Propozimi |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:<br>Detyrimi për përgatitjen Propozim-Ligjit rrjedh nga: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија / Programi Vjetor i Punës i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☒ НПАА<br><br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија/Konkluzioni i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☒ Друго/Tjetër:<br>- Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021 – 2027 година / Strategjia Kombëtare për Zhvillimin e Ndërmarrjeve Sociale në Republikën e Maqedonisë së Veriut 2021 - 2027<br>- ЕУ пропис – C/2023/1344 Препорака на Советот на Европа за развој на рамковните услови за социјална економија / Rregullorja e BE-së – C/2023/1344 Rekomandimi i Këshillit të Evropës mbi zhvillimin e kushteve kornizë për ekonominë sociale<br>- Акциски план за социјална економија усвоен од Европската Комисија на 09.12.2021 година , COM(2021) 778 final/ Plani i Veprimit për Ekonominë Sociale miratuar nga Komisioni Evropian më 09.12.2021, COM(2021) 778 final |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ:<br>Lidhshmëria me Direktivat e BE-së: | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:<br>A përmban propozim-raporti informacione në përputhje me rregulloret që kanë të bëjnë me informacione të klasifikuara: | ☐Да/Po<br><br>☒Не/Jo |

| | |
|---|---|
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:<br>Data e publikimit të draft-Raportit ENER: | 06.11.2023 година<br>ЕНЕР \| Предлог на Закон за социјални претпријатија / Propozim-Ligji për Ndërmarrjet Sociale |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација:<br>Data e dorëzimit të draft-Raportit në Ministrinë e Administratës Publike: | / |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација:<br>Data e marrjes së mendimit nga Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат<br>Afati për dorëzimin e Propozim-Ligjit, Sekretariati të Përgjithshëm | декември 2025 година / dhjetor 2025 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Владата на Република Северна Македонија во 2021 година ја донесе **Националната стратегија за развој на социјални претпријатија со Акциски план за спроведување**. Во стратегијата се дефинирани основните цели и клучните активности за периодот 2021–2027 година.

Стратегијата утврди пет пакет мерки, групирани во **пет приоритети** за 2021–2027 година, чија имплементација треба да создаде соодветна правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија.

Со **првиот** приоритет од Стратегијата, преку мерките и активностите во Акцискиот план, се предвидува воспоставување на поволна правна рамка која обезбедува еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија, односно подготовка на законска рамка

Според анализата на капацитетите на социјалните претпријатија (2019), во Северна Македонија беа идентификувани околу 30 активни организации кои функционираат како социјални претпријатија, најчесто во форма на здруженија на граѓани, фондации или задруги. Најголем дел од нив се активни во областа на социјална заштита, образование, рециклирање и услуги за ранливи групи.

Во 2022 година, според Државниот завод за статистика, беа регистрирани 6.384 новосоздадени претпријатија, што претставува 9,6% од вкупно активните пазарно-ориентирани претпријатија. Иако не сите се социјални претпријатија, бројот покажува потенцијал за развој на нови форми на претприемништво, вклучително и социјално. Според податоците за социјална заштита, значителен број граѓани (над 100.000 лица) користат различни форми на социјална поддршка, што укажува на потребата од алтернативни модели за нивна интеграција преку социјални претпријатија.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Препознавањето на значењето на социјалните претпријатија, согласно искуствата од Европската унија, особено во решавањето на проблемите на лицата во социјален ризик и нивната интеграција на пазарот на труд, ја наметна потребата за правно уредување на оваа област.

Недостигот на јасна правна рамка доведува до:

- Непрепознавање на социјалните претпријатија во постојниот правен систем.
- Ограничени можности за финансиска и институционална поддршка, што го отежнува нивниот развој.
- Неможност за користење на резервираните клаузули од Законот за јавни набавки на систематски начин.
- Намалена видливост и доверба од страна на институциите, финансиските организации и пошироката јавност.
- Ограничен придонес кон економскиот развој, иако потенцијалот на социјалните претпријатија е значаен.

Затоа, правното уредување на функционирањето на социјалните претпријатија е неопходно за да се обезбеди нивно институционално признавање, поддршка и развој, како и за да се создадат услови за нивно активно учество во економијата и општеството.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со Предлог-законот ќе се овозможи:

- Развој на социјалното претприемништво преку функционирање и институционално препознавање на социјалните претпријатија.
- Создавање на поволна деловна средина за нивен раст и одржливост.
- Правно признавање и видливост на социјалните претпријатија, како нова форма на економска и социјална активност.
- Стекнување доверба во социјалните претпријатија од страна на институциите, финансиските организации и другите општествени чинители.
- Интеграција на ранливите групи на пазарот на труд преку обезбедување еднакви можности за вработување.
- Поттикнување на иновации и нови модели на претприемништво, кои комбинираат економска одржливост со општествена корист.
- Усогласување со европските стандарди и добри практики, со цел приближување кон политиките на ЕУ за социјална економија.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Нема регулатива за претпријатијата кои функционираат како социјални претпријатија, па тие не се препознаени во правниот систем. Не постои механизам за поттикнување и развој на нови социјални претпријатија, а можноста за користење на резервираните клаузули од Законот за јавни набавки е ограничена. Со тоа, не се создаваат системски услови за стимулирање и развој на социјалното претприемништво. Дополнително, социјално ранливите групи се соочуваат со потешкотии при интеграција на пазарот на труд.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Донесување на Закон за социјални претпријатија
Со донесувањето на Законот за социјални претпријатија ќе се утврди/утврдат:

- Јасна правна рамка за функционирање и препознавање на социјалните претпријатија во правниот систем.
- Јасна и транспарентна постапка за стекнување на статус на социјално претпријатие.
- Права и обврски на социјалните претпријатија и на лицата кои ги користат нивните услуги.
- Инструменти за поттикнување и поддршка, вклучително:
    - Субвенции за вработување на лица од ранливи категории, како директна поддршка за нивна интеграција на пазарот на труд.
    - Даночни олеснувања за социјалните претпријатија, со цел да се намали финансискиот товар и да се стимулира нивниот развој.
    - Финансиска поддршка преку пристап до јавни фондови, грантови и кредитни линии со поволни услови.

- Услови за располагање со вишокот на приходи, преку нивна пренамена за општествено корисни цели и реинвестирање во развој.
- Посебни форми на социјални претпријатија и дефинирање на видот на услугите што ги обезбедуваат за најранливите категории граѓани.
- Систем на институционална поддршка, кој ќе овозможи континуирана помош, советување и пристап до програми за развој.
- Систем за следење и евалуација на работењето на социјалните претпријатија, со цел да се обезбеди транспарентност, отчетност и одржливост.
- Усогласување со европските стандарди и добри практики, за интеграција на социјалното претприемништво **во пошироките политики за економски и социјален развој.**

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

a) *Економски влијанија*

Предлог-законот ќе има значајни влијанија врз економскиот развој на земјата преку:

- Создавање нови работни места и отворање можности за вработување на лица од социјално ранливи групи.
- Подобрување на вработливоста преку стимулирање на претпријатија кои интегрираат лица со потешкотии во пристап до пазарот на труд.
- Поттикнување на претприемништво и иновации, особено во области како рециклирање, зелени технологии и услуги за заедницата.
- Зголемување на економската активност преку развој на нови бизнис-модели кои комбинираат профитабилност со општествена корист.
- Финансиска поддршка и субвенции за социјалните претпријатија, кои ќе овозможат нивна одржливост и конкурентност на пазарот.
- Даночни олеснувања за стимулирање на растот и намалување на трошоците, со што се создава поволна деловна клима.
- Пристап до јавни фондови и програми за развој, што ќе ја зголеми финансиската стабилност и ќе овозможи долгорочен раст.

b) *Фискални влијанија*

Ова законско решение ќе има директни фискални влијанија врз Буџетот на Република Северна Македонија.

- Во првата година од примената се предвидуваат финансиски импликации од приближно 1,2 милиони денари, главно за покривање на трошоци поврзани со воспоставување на системот за поддршка на социјалните претпријатија, административни активности и почетни субвенции.
- Во втората година се очекува зголемување на фискалниот ефект на околу 7,4 милиони денари, поради проширување на програмите за финансиска поддршка, и потреба од дополнителни субвенции и даночни олеснувања за зголемен број на социјални претпријатија.

Дополнително, се предвидува дека овие трошоци ќе бидат компензирани со позитивни економски ефекти, како што се:

- Зголемување на приходите од создадените нови работни места и плаќање на придонеси.
- Намалување на трошоците за социјална заштита преку интеграција на ранливи групи на пазарот на труд.
- Поттикнување на локален економски развој и создавање нови извори на приходи за државата.

c) *Социјални влијанија*

Предлог-законот ќе придонесе за:

- Стекнување на нови квалификации, компетенции, знаења и вештини кај лицата во ризик од социјална исклученост, преку организирани програми за обука и практична работа.
- Полесен пристап до пазарот на труд за овие лица, со цел нивна поголема интеграција и намалување на бариерите за вработување.
- Интегрирање на лицата во работниот процес, што ќе овозможи нивна економска и социјална инклузија.

- Создавање еднакви шанси за сите граѓани, со што се гради пофер и поинклузивно општество.
- Намалување на сиромаштијата кај најранливите категории граѓани, преку обезбедување стабилни извори на приходи и социјална сигурност.
- Јакнење на социјалната кохезија, преку промовирање на солидарност, еднаквост и активно учество на ранливите групи во економскиот и општествениот живот.
- Подобрување на квалитетот на живот на лицата кои ќе бидат вклучени во социјалните претпријатија, преку пристап до услуги и поддршка што досега им биле ограничени.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Се очекува Предлог-законот да има позитивни влијанија врз животната средина преку активностите што ќе ги реализираат дел од социјалните претпријатија, и тоа:

- Рециклирање и управување со отпад, со што ќе се намали загадувањето и ќе се поттикне циркуларната економија.
- Развој на зелени технологии и еко-иновативни решенија, кои ќе придонесат за одржлив економски раст.
- Енергетска ефикасност и користење обновливи извори на енергија, што ќе ја намали зависноста од фосилни горива.
- Заштита и унапредување на природните ресурси, преку активности насочени кон одржливо земјоделство, шумарство и водни ресурси.
- Подигање на јавната свест за значењето на одржливи практики и еколошка одговорност.

Со овие активности, социјалните претпријатија ќе придонесат за намалување на негативните влијанија врз животната средина и за создавање по одржливо и еколошки свесно општество.

*4.5. Административни влијанија и трошоци*

*а) Трошоци за спроведување*

Се предвидуваат трошоци поврзани со воспоставување и спроведување на нови административни процедури, како што се:

- Регистрација и евиденција на социјалните претпријатија во надлежните институции.
- Воспоставување на систем за следење и известување за нивното работење.
- Административна поддршка за процесот на признавање на статусот „социјално претпријатие".
- Координација меѓу институциите за обезбедување на континуирана поддршка.

*б) Трошоци за почитување на регулативата*

Не се предвидуваат дополнителни трошоци за самите социјални претпријатија во однос на почитување на регулативата, бидејќи:

- Процедурите се дизајнирани да бидат едноставни и транспарентни.
- Не се воведуваат нови административни обврски надвор од стандардните процеси на регистрација и известување.

Целта е да се намали административниот товар и да се обезбеди олеснет пристап до поддршка.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Изработката на Предлог-законот беше реализирана во периодот од февруари 2021 до април 2023 година преку консултации, состаноци и работни средби на Работната група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво, формирана од Министерот за труд и социјална политика во февруари 2021 година и дополнета на почетокот на 2022 година. Работата на групата беше поддржана со експертиза и техничка помош во рамки на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија", финансиран од ЕУ (септември 2020 – април 2023).

Законот е подготвен преку консултативен процес, за што беше формирана Работна група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво со претставници од ресорни министерства, органи и институции и тоа: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за економија, Агенција за

поддршка на претприемништвото, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Централниот регистер на Република Северна Македонија, Управата за извршување на санкции, претставници на високообразовни институции, претставници на социјални претпријатија и претставници на граѓански организации.

Консултации со работната група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво се водеа низ организирани 7 состаноци како и 10 работни средби на кои присуствуваа засегнатите страни.

Дискусии и расправи за изготвување на Предлог-законот со претставници на членови на Работната група - претставници на министерства и органи на државната управа се одржаа во Скопје на 01.11.2023 година, а со претставници на граѓански организации, фондации и академската заедница на 02.11.2023 година.
Јавни расправи беа спроведени во Скопје (10.11.2023), Битола (15.11.2023) и Штип (17.11.2023), а јавен увид на предлогот на Законот за социјални претпријатија беше овозможен од 6.11.2023 до 21.11.2023 година.

На 28.11.2023, Министерството за труд и социјална политика, (сега Министерството за социјална политика, демографија и млади) предложи до Владата на Република Северна Македонија материјал со наслов: „Предлог на Закон за социјалните претпријатија", кој беше прикачен на порталот е-Влада. Во врска со овој материјал, Министерството за труд и социјална политика на 28.11.2023 година достави барање за мислење (арх. бр. 08-7919/2) до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Инспекцискиот совет, Агенцијата за млади и спорт, Бирото за јавни набавки и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Согласно доставените мислења и извршени дополнителни консултации со Секретаријатот на законодавство беше извршено усогласување на текстот на Предлог-законот. Усогласената верзија на верзија на Предлог-законот беше закачена на системот на е-Влада на 21.2.2024 година. На 07.10.2024 година беше доставено ново барање за мислење (арх. бр. 08-6512/1) до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Инспекцискиот совет, Агенцијата за млади и спорт, Бирото за јавни набавки и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Дополнително, на 13.01.2025 година, согласно заклучок на Владата од 12.11.2024 година за усогласување на сите нови закони поради дигитализација на процесите, Министерството за социјална политика, демографија и млади достави барање за мислење (арх. бр. 13-311/2) до Министерството за дигитална трансформација.

Согласно барањето за повлекување на материјал, доставено од Министерството за социјална политика, демографија и млади до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија под бр. 13-311/4 од 24.04.2025 година, на 14.05.2025 година доставениот „Предлог-закон за социјални претпријатија" (бр. 08-7619/1 од 28 ноември 2023 година) беше вратен поради немање пристап до материјалот прикачен на порталот е-Влада на 28.11.2023 година, во надградената верзија на системот.

Предлог-законот е дел од НПАА со ЕПП број 2017.0900.7410 и е клучен за усогласување со препораките на Европската Комисија, содржани во Акцискиот план за социјална економија [1]. На билатералниот скрининг за Поглавје 19 – Социјална политика и вработување (10–12 мај 2023) и за Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика (31 мај – 01 јуни 2023) како краткорочни приоритети беа претставени:

- Носење и имплементација на Законот за социјални претпријатија,
- Подготовка и имплементација на Национална годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија,
- Имплементација на резервираните договори од Законот за јавни набавки.

Усвојувањето на законот е важно бидејќи:

- Претставува предуслов за имплементација на проекти во износ од 5,1 милион евра (од кои 4,3 милиони се средства од ЕУ) за поддршка на имплементацијата и развојот на социјалните претпријатија, предвидени во ИПА III 2024–2027 Оперативна програма „Човечки капитал" (40 милиони евра ЕУ средства).

- Обезбедува континуирана директна поддршка на социјалните претпријатија во рамки на Центарот за социјални претпријатија воспоставен со финансиска поддршка од ИПА II Акциска програма 2017 „ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика".
- Овозможува исполнување на заклучокот од 3-тиот ИПА III комитет за мониторинг (2 април 2025): „Владата да го усвои Законот за социјални претпријатија во 2024 година".
- Придонесува кон намалување на непријавената вработеност, како дел од мерките за неформална економија во Планот за раст 2024–2027, поддржан од ЕУ.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Согласно доставените Барање на мислење со арх. број 08-7619/1 од 28.11.2023, арх.број 08-6512/1 од 07.10.2024 и арх. бр. 13-311/2 од 13.01.2025 следниве мислења се добиени и вградени во предлог на Законот за социјални претпријатија:

1. арх. бр. 09-4483/2 , 05.12.2023 - Влада на Република Северна Македонија Секретаријат за законодавство;
2. арх. бр. 03-2329/2 , 13.12.2023 – Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
3. арх. бр. 08-4479/1 , 05.12.2023 – Министерство за економија – Сектор за претприемништво и конкурентност на мали и среди претпријатија;
4. арх. бр. 03-1180/3 , 06.12.2023 – Инспекциски совет;
5. арх. бр. 08-7632/1 , 14.12.2023 - Управа за јавни приходи при Министерство за финансии;
6. арх. бр. 03-10384/2, 26.12.2023 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
7. арх. бр. 12-6847/1 , 13.12.2023 – Министерство за животна средина, просторно планирање;
8. арх. бр. 21-2977/2 , 18.12.2023 – Министерство за правда, Сектор за бесплатна правна помош и политички систем;
9. арх. бр. 23-911/1 , 05.02.2024 – Министерство за финансии;
10. арх. бр. 08-7632/1 , 14.10.2024 – Министерство за спорт;
11. арх. бр. 03-214/2 , 03.12.2023 – Комисија за заштита од конкуренцијата;
12. арх. бр. 12-6847/2 , 13.12.2023 – Министерство за животна средина и просторно планирање;
13. арх. бр. 09-2121/2 , 14.12.2023 – Биро за јавни набавки при Министерство за финансии;
14. арх. бр. 08-7632/1 , 14.10.2024 – Министерство за спорт;
15. арх. бр. 12-6729/1 , 17.10.2024 – Министерство за животна средина, просторно планирање;
16. арх. бр. 08-2603/3 , 18.10.2024 – Министерство за правда - Сектор за правосудство
17. арх. бр. 03-2251/2, 14.10.2024– Агенција за млади и спорт;
18. арх. бр. 09-3192/2 , 25.10.2024 – Влада на Република Северна Македонија Секретаријат за законодавство;
19. арх. бр. 03-895/3 , 25.10.2024 – Инспекциски совет;
20. арх. бр. 03-2150/2 , 29.10.2024 – Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
21. арх. бр. 02-1325/3/1 , 30.10.2024 – Фонд за иновации и технолошки развој;
22. арх. бр. 03-10208/2, 04.11.2024– Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ;
23. арх. бр. 13-8409/1 , 03.12.2024 – Комисија за заштита од конкуренцијата;
24. арх. бр. 14-99/2 , 05.02.2025 – Министерство за дигитална трансформација

МИСЛЕЊА, ЗАБЕЛЕШКИ И СУГЕСТИИ ЗА
ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТРИЈАТИЈА

Табела 1. Преглед на добиени и вградени мислења по однос на Прелог на Законот за социјални претпријатија

| | Член од предлогот | Коментари/предлози | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| | | **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ - АВРСМ 02.11.2023** | |
| 1 | **Упатување на лица од социјално ранливи групи во социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање Член 24** | Во однос на член 24 каде се уредува дека Центарот за вработување (и Центарот за социјални работи) може да упатуваат лица во социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање на начин и постапка утврдени со закон (ова е со цел овозможување и ЦВ и ЦСР од своите корисници-конкретно за АВРСМ тоа се лица од евиденција на невработени лица, да може да се упатат на услуги и активности кои ќе ги даваат Социјалните претпријатија за социјална рехабилитација и раб. интеграција, како и дека социјалното претпријатие ја известува АВРСМ-ЦВ и ЦРС за лица кои се вклучени во активности за работно ангажирање (ова за потребите на обезбедување информации за лица кои може се евидентирани невработени во Центрите за вработување да има информација) за да може да се реализира утврденото со член 24 ќе биде потребно да се усогласи Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. | **Се прифаќа**<br>Усогласувањето на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со одредбите од Предлог на законот за социјални претпријатија е пропишано во член 62 став (2) од овој закон. |
| 2 | **Договор за социјално работно ангажирање Член 25** | Во однос на член 25 со кој се уредува Договор за социјално работно ангажирање (помеѓу лицето и Социјалното претпријатие за реинтеграција) :<br><br>-треба да се дефинира **КОЈ ќе го исплаќа надоместокот (не е јасно дефинирано, има само дека е утврден надоместок и што опфаќа надоместокот).**<br>- Исто така, во однос на ставот 3 каде е уредено дека "Надоместокот за ангажирање на лицата во ризик од социјална исклученост се обезбедува од Годишна програма за поддршка и развој социјалните претпријатија или преку учество во активна програма или мерка од Оперативниот план за активни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот " : во однос на делот каде се упатува кон ОП, сметаме дека истиот треба да се избрише, односно надоместокот да се финансира исклучиво од Годишна програма за поддршка и развој социјалните претпријатија. Истото од причина што ОП е годишен документ, каде се дефинираат поединечни АМ, целни групи, опфат и буџет, како и критериуми кои треба да ги исполнат лицата и работодавачите. Во таа смисла, ова може да биде ограничувачки фактор, со оглед да надоместокот што треба да го земат лицата -по основ ангажман во смисла на член 25 треба да биде тековно/континуирано обезбеден и да се исплаќа на сите лица кои ќе бидат ангажирани по овој закон, а ако се упатува на ОП тоа нема да биде можно (поради различни причини: ќе се чека донесување на ОП, ќе се чека | **Се прифаќа** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Јавен повик и аплицирање (некој ќе аплицира некој не), ќе следи селекција (каде може да не бидат исполнети определени услови), ќе бидат опфатени определен број на работодавачи/невработени лица (додека има средства и до исполнување на планираниот опфат...). Од тие причини **не треба да се упатува на ОП, туку во законот за биде уредено дека надоместокот ќе се финансира од Годишна програма за поддршка и развој социјалните претпријатија-така ќе се гарантира дека секој кој ги исполнува условите ќе добие надоместок.** | |
| 3 | **Права од областа на социјалната заштита**<br>**Член 28**<br><br>Надоместокот за социјално работно ангажирање на лицето од член 25 став (2) алинеја 1 од овој закон и стимулативна награда за успешност од член 27 став (1) алинеја 5 од овој закон, не се пресметува како приход на домаќинството при остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош, согласно прописите од областа на социјалната заштита. | **-во член 28 е уредено како овој закон влијае/не влијае на правата од областа на социјална заштита. Дали во овој закон (или пак во ЗВОСН) ќе треба да се уреди како и дали ангажманот на лицата (со договор за работно ангажирање) ќе влијае на остварување на право на паричен надоместок (право од осигурување во случај на невработеност)** | **Се прифаќа**<br>**Права на социјално работно ангажирање на лицето остварени по други основи**<br>**Член 28**<br>(1) Надоместокот за социјално работно ангажирање на лицето од член 25 став (2) алинеја 1 од овој закон и стимулативна награда за успешност од член 27 став (1) алинеја 5 од овој закон не влијае врз остварување на правата од алинеја 1, 2 и 3 од овој член на овој закон и не се пресметуваат како приход на домаќинството:<br><br>- право на гарантирана минимална помош и други парични права, согласно прописите од областа на социјалната и детската заштита.<br>- право на паричен надоместок стекнато по основ осигурување во случај на невработеност и не се брише од евиденцијата на невработени лица.<br>- други права на паричен надоместок утврдени со посебни закони. |
| 4 | | -во **член 32 став ( 6 )** каде се уредува мерка за поддршка-**субвенција на плата**-која ќе се финансира од Годишна програма за поддршка и развој социјалните претпријатија) **треба да се дефинира и обврска за враќање на доделени средства, односно санкција-во случај кога социјалното претпријатие нема да ја исполни обврската (не ги задржи лицата и сл)**. Истото, како што е уредено и во ОП кај АМ каде се доделуваат средства за субвенција на плата | **Се прифаќа** |
| 5 | **Финансиска поддршка за вработување на лица од социјално ранливи групи**<br>**Член 33**<br><br>**став 2**<br>(2) Средствата од став (1) на овој член се обезбедуваат преку Годишната програма за поддршка и развој на социјалните | -во член 33 (со кој се уредува финансиска поддршка-субвенција на придонеси за задолжително социјално осигурување-по основ вработување на лице во социјално претпријатие) во став (2) уредено е дека Средствата од став (1) на овој член се обезбедуваат преку Годишната програма за поддршка и развој социјалните претпријатија, а се реализираат на начин, услови и постапка предвидени во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, за тековната година.": делот во кој се упатува дека начинот, условите и постапката под кои ќе се доделуваат средства за | **Не се прифаќа**<br>**Во член 33** , став (2) , односно став (3) каде е предвидено социјалното претпријатие да има пристап и до други програми и мерки за вработување и услуги за пазарот на труд .<br>Препораките од Советот на ЕУ С/2023/1344 во однос на поттикнување пристап до пазарот на трудот и социјална инклузија<br>се дава препорака да се искористи социјалната економија за решавање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | претпријатија, а се реализираат на начин, услови и постапка предвидени во Оперативниот за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, за тековната година“ | оваа мерка дека ќе биде преку ОП (иако средствата ќе бидат преку буџет обезбеден од Годишната програма за поддршка и развој социјалните претпријатија) треба да се избрише. Ова од причина што на овој начин ќе се усложни самата постапка, од причина што средствата обезбедени во Годишната програма ќе треба да се трансферираат кон АВРСМ, истите соодветно да се планираат во буџетот на ОП, потоа да се планираат посебни АМ, да се планира опфат, целни групи, критериуми и сл. па потоа да следни Јавен повик, аплицирање, селекција....па доделување на финансиската поддршка. Од тие причини сметаме дека не треба да се упатува на ОП, туку директно преку Годишната програма. Ова уште повеќе и поради фактот што и член 32 уредува друг вид на финансиска поддршка (субвенција на плата) , но таму не се упатува на ОП туку директно на Годишната програма за поддршка и развој социјалните претпријатија). Оваа поддршка за да може да ја добијат сите кои ги исполнуваат условите истото треба да биде уредено со законот и програмата, бидејќи ако се упати на ОП ќе бидат опфатени само дел од субјектите (они кои ќе аплицираат, кои ќе ги исполнат дополнителните услови од ОП, зависно од годишниот опфат и средства...) | недостатоците во вработувањето и социјалните проблеми и обезбедување, поддршка за вработување: Да се воспостават или поттикнат партнерски иницијативи кои вклучуваат субјекти од социјалната економија во дизајнирањето и спроведувањето на активните политики на пазарот на трудот. |
| | | **Коментари од УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ 02.11.2023** | |
| 6 | **Статус на социјално претпријатие**<br>**Член 5**<br>(2) Со статус на социјално претпријатие може да се стекне подружница на домашно здружение или фондација кое ги исполнува условите од член 6 од овој закон.<br>**и Мислење бр. 08-7637/2 од 14.12.2023 година** | Одредбите од Законот за **данокот на добивка** во однос на **даночните поволности се однесуваат на правните лица, а не на подружници.** | **Се прифаќа.**<br>Предлог: Прашањето со подружниците на граѓанските организации може да се уреди на сличен начин како што е решено ослободувањето од плаќање на ДДВ за проектите финансирани од ИПА/ЕУ. Постапката е следна: секој проект се регистрира во базата на МЕП и добива Решение, а потоа врз основа на ова Решение УЈП издава друго Решение за ослободување на плаќање на ДДВ и во кое решение проектот добива посебен даночен број. МЕП и УЈП бара потпишан договор, а во овој случај треба со УЈП да се дефинира кои други документи ќе им се потребни освен Решение за добивање на статус на СП. |
| 7 | **Обврска за известување**<br>**Член 17**<br><br>(2) Социјалните претпријатија што се подружница на здружение или фондација, имаат обврска да отворат одделна потсметка кај носителите на платниот промет и да водата посебна сметководствена | Водењето на сметководството за непрофитните здруженија и фондации е регулирано со Законот за сметководство на непрофитни организации и Правилник за сметководство на непрофитни организации. **Утврдувањето на вишокот на приходи над расходи се утврдува во целина на ниво на организација.** | **Се прифаќа** бидејќи:<br>- Постојната регулатива веќе ја уредува материјата.<br>- Воведувањето на дополнителна обврска би било правно проблематично и би создавала административен товар.<br>- Наместо законска обврска за посебна сметководствена евиденција, може да се предвиди обврска за доставување на посебен финансиски извештај за подружницата, што ќе обезбеди транспарентност без да се наруши постојниот систем. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | евиденција за подружницата. | | |
| 8 | *Користење на вишокот на приходи и остварената добивка*<br>Член 19<br>став (4) Под распределба на остварениот вишок на приходи, односно добивката, не се смета трошењето на средствата за работење на социјалното претпријатие, награди на вработените и работно ангажираните лица за постигнат учинок во работењето на претпријатието, најмногу во висина до една месечна нето плата на работникот | Располагањето со добивката за правните лица е регулирано во Законот за трговски друштва (ЗТД), а вишокот на приходи за непрофитните организации со Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ).<br>3.Непрофитност Член 12 од Законот за здруженија и фондации<br>(1) Организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка. (2) Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот. (2) Ако во работењето на организациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот. (3) Остварената добивка од ставот (3) на овој член, не може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членови на органите, директорите, вработените или било кое друго со нив поврзано лице<br>Надоместоците на вработените се регулирани и со Закон за работни односи. | **Не се прифаќа**<br>Во Предлог на Законот за социјални претпријатија во членот 19 се уредуваат главните специфики на СП во однос на користење вишокот на приходи и остварена добивката што е различно од правилата уредени со ЗТД и ЗЗФ. Ако треба да се применуваат истите правила и услови како што е уредени во ЗТД и ЗЗФ тогаш нема да има социјални претпријатија.<br>*Се повикуваме на дефиницијата за социјално претпријатие во ЕУ:*<br>*Социјалното претпријатие претставува оператор во рамките на социјалната економија чија примарна цел е остварување на општествено влијание, наместо генерирање добивка за сопствениците или акционерите. Претпријатието функционира преку обезбедување добра и услуги на пазарот на претприемнички и иновативен начин, при што остварената добивка се насочува првенствено кон постигнување на утврдените социјални цели. Управувањето со претпријатието се врши на транспарентен и одговорен начин, со посебно вклучување на вработените, потрошувачите и засегнатите страни кои се непосредно погодени од неговите комерцијални активности.* |
| 9 | **Користење на вишокот на приходи и остварена добивка**<br>**Член 19**<br>(4) Социјалното претпријатие е должно при распределбата на вишокот приходи и/или остварената добивка, а за утврдување на висината на платата, надоместоците и бонусите на раководните лица, да не го надмине износ од три просечни плати исплатени за претходната година во Република Северна Македонија, според податоци на Државниот завод за статистика. | Нема текст во Коментар | |
| 10 | **Користење на вишокот на приходи и остварена добивка**<br>**Член 19** | 1. Зошто распределба на средства, терминот може треба да се замени со вишок на приходи | 1. **Се прифаќа забелешката**<br>2. **Не се прифаќа** затоа што во член 19 ставови (1), (2), (3) и (4) од Предлог на законот за социјални претпријатија се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (5) Под распределба на средства и добивка не се смета трошењето на средствата за работење на социјалното претпријатие, соодветни награди на вработените и работно ангажираните лица за постигнат учинок во работењето на претпријатието, најмногу во висина до една месечна нето плата на работникот. | 2. Ставот 5 на член 19 е спротивен со член 12 став 3 од Законот за здруженија и фондации Непрофитност член 12 (1) организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка. (2) Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот. (3) **Ако во работењето на организациите се оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот**. (4) Остварената добивка од ставот (3) на овој член не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.“ | уредуваат прашања различни од оние во Законот за здруженија и фондации. Во овој член се регулира користењето, распределбата и намената на остварениот вишок на приходи, односно добивката, како и процентуалниот износ на ре-инвестирањето на добивката, за што одлучува органот на управување на социјалното претпријатие.<br>Социјалното претпријатие, при распределбата на добивката и утврдувањето на висината на платата, надоместоците и бонусите за успешност на раководните лица, не смее да го надмине износот од три просечни нето плати исплатени за претходната година во Република Северна Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика.<br>Исто така, во став (4) е пропишано дека трошењето на средствата за работење на социјалното претпријатие, награди за вработените и работно ангажираните лица за постигнат учинок во работењето на претпријатието, во висина најмногу до една месечна нето плата на работникот, не се смета за распределба на остварениот вишок на приходи, односно добивка. |
| | **Мислење бр. 23-911/1 од 05.12.2024 година** | **Коментари од МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ 05.12.2024** | |
| **11.** | | 1. Предлог за промена на дефиницијата социјално претпријатие од член 3 , став (1) точка 2.<br>2. Предлог за стеснување на пропишаните категории на лица од социјално ранливи групи , член 3 став (1) точка 6<br>3. Е даден опис за точка 7 и точка 8 од став (1) од член 3 нема предлог за измени или дополнувања.<br>4. Во членот 6 се предлага преоценување и допрецизирање и заострување на условите за стекнување на статус на социјално претпријатие.<br>5. Предлог за спојување на алинеја 3 и 4 од член 6.<br>6. Предлог за дополнување на алинеја 3 став (1) од членот 8. | 1. Не се прифаќа затоа што дадениот предлог за дефиниција е ист како и постојната дефиниција во точка 2, став (1) од членот 3.<br>2. Не се прифаќа предлогот за промена на точка 6 став (1) во член 3 не се прифаќа затоа што наведените категории на лица од социјално загрозени категории се дефинирани во Законот за социјална заштита<br>3. Не се прифаќа затоа што нема предлог или дополнување на постојниот опис за точка 7 и точка 8 од став (1) од член 3.<br>4. Не се прифаќа затоа што. членот 6 е веќе усогласен со целите на законот и обезбедува јасни и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 7. Се предлага дополнување во став (5) од членот 13 со обврска на социјалното претпријатие за доставување и на финансиски извештај .<br>8. Предлог за дополнување на нова алинеја во ставот (1) од член 16.<br>9. Предлог да се измени став (1) и став (2) од член 19.<br>10. Предлог членот 19 да се дополни со нов став социјалното претпријатие нема право да врши прераспределба на добивката.<br>11. За член 26 се дава коментар да се дефинираат трошоците за спроведување на Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање.<br>12. Во членот 32 се предлага обврска на социјалните претпријатија за работна интеграција задржувањето на ангажираните лица да биде подолго од 12 месеци, и тоа три пати подолг од периодот на користење на субвенции.<br>13. Се бара бришење на ставот (7) од член 32.<br>14. Во член 33 се предлага измена на став (1) и задржувањето на лица од ранливо социјални категориите вработени на неопределено време за кои е предвидено субвенционирање на социјалните придонеси да биде три пати подолго од траењето на субвенцијата.<br>15. Се упатува на допрецизирање на став (1) од член 34.<br>16. Дадено е укажување и предлог (член 37 и член 38) да се преиспита опсегот и видот на финансиска поддршка на социјалните претпријатија.<br>17. Се предлага во членовите 39, 40, 46 и 47 да се направат измени и да се тргне правото на надомест за работата на Комисијата за евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка и Националните совет за социјално претприемништво.<br>18. Во член 55 се предлага да се преиспита обврската за вршење на инспекциски надзор.<br>19. Даден е коментар дека средствата за предлог на законот не се планирани во Буџетот за 2024. | доволни критериуми за идентификација на социјалните претпријатија. Дополнително заострување би можело неоправдано да го ограничи развојот на секторот и да создаде административни пречки за нови иницијативи, што е спротивно на целта за поттикнување на социјалната економија.<br>5. Не се прифаќа предлогот за спојување на алинеја 3 и алинеја 4 од член 6. Двете алинеи уредуваат различни аспекти и имаат самостојна правна и практична функција.<br>6. Се прифаќа предлогот и се направени усогласувања на алинеја 7 став (1) од член 8.<br>7. Не се прифаќа предлогот за дополнување на став (5) од член 13 со обврска за доставување финансиски извештај затоа што Законот веќе предвидува обврски за транспарентност и отчетност на социјалните претпријатија преку редовно доставување извештаи за работа и активности. Финансиско известување е веќе регулирано преку други прописи (од областа на сметководството и даноците), па затоа не е потребно повторно уредување во овој закон.<br>8. Не се прифаќа дополнување со нова алинеја во став (1) од членот 16, затоа што членот е веќе систематски уреден и ги опфаќа сите суштински услови предвидени со законот.<br>9. Предлогот се прифаќа и по истите е постапено.<br>10. Не се прифаќа затоа што законот веќе предвидува јасни правила за користење на добивката, насочени кон остварување на социјалните цели и реинвестирање во дејноста.<br>11. Во однос на дадениот коментар и во член 26 постапено е делумно, затоа што видот на прифатливи трошоци ќе се допрецизираат во подзаконски акт или во Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.<br>12. Не се прифаќа предлогот за промена во член 32 затоа што предложената обврска би била прекумерно рестриктивна и би можела да создаде финансиски и организациски потешкотии за претпријатијата, особено имајќи предвид дека нивната цел е да обезбедат можности за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | интеграција и флексибилно вработување.<br>13. Не се прифаќа предлогот за бришење на став (7) од членот 32 бидејќи задржувањето од дополнителни 6 месеци со субвенции на социјално осигурување е неопходно за да се обезбеди доследна примена и контрола врз работната интеграција и ангажманот на лицата од социјално ранливи категории. Дополнително ова решение е и во функција на усогласување со прописите за државна помош.<br>14. Делумно е постапено. Воведување на дополнително обврски од пропишаните во Предлог на законот би можело да создаде финансиски и организациски потешкотии за социјалните претпријатија и би се намалила флексибилноста и развојот на социјалните претпријатија. .<br>15. Предлогот е прифатен и направени се измени во став (1) од членот 34.<br>16. Не се прифаќа затоа што Европската Комисијата согласно Акциски план за социјална економија (SEAP, 2021) препорачува државите членки да развиваат соодветни финансиски инструменти и даночни рамки за поддршка на социјалните претпријатија. Целта е да се овозможи нивна одржливост и раст, преку пристап до субвенции, грантови и поволни кредити.<br>Европската комисија објави Насоки за релевантни даночни рамки за субјекти од социјалната економија (2023)<br>со кои се охрабруваат земјите да обезбедат даночни олеснувања и стимули за социјалните претпријатија, бидејќи тие имаат специфична општествена улога и често работат со ранливи групи. Овие олеснувања се сметаат за неопходни за нивната конкурентност и финансиска стабилност.<br>Извештајот на OECD – Social Economy in Europe (2024) нагласува дека субвенциите и даночните поттикнувања се клучни механизми за развој на социјалната економија, бидејќи овозможуваат претпријатијата да инвестираат во иновации и интеграција на ранливи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | категории, без да бидат оптоварени со прекумерни трошоци.<br>17. Не се прифаќа затоа што надоместокот претставува признание за вложен труд, експертиза и одговорност на членовите на овие тела, кои имаат суштинска улога во спроведувањето на законот и обезбедувањето транспарентност и правична распределба на средствата.<br>18. Постапено е по предлогот и направени се измени во член 55.<br>19. Не се прифаќа затоа што во Буџетот за 2026 година се планирани средства во износ од 1.215.000 денари за предлог на законот. |
| | | **Коментари од СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО 25.10.2024** | |
| **12.** | **Мислење бр. 08-7619/1 од 28.11.2023 година Мислење бр. 09-3192/2 од 25.10.2024 година** | Дадено укажување од формално-првен аспект со дадени укажувања под точка 1 до точка 43 и да се изврши по обемно правно-техничко подобрување на текстот на Предлогот за Законот. | Забелешките се прифатени и по истите е интервенирано во текстот на Предлогот на Законот. |
| | **Мислење бр. 03-895/3 од 25.10.2024 година** | **Коментари од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ 25.10.2024** | |
| **13.** | | Во врска со доставениот Предлог на Закон за социјални претприемништво Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности нема забелешки | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 12-6729/1 од 17.10.2024 година** | **Коментари од ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ 17.10.2024** | |
| **14.** | **член 55, став 2 член 58 член 59** | Да се вградат измени и дополнувања во **член 55, став 2 , член 58 , член 59** | **Забелешките се прифатени** и по истите е интервенирано во текстот на Предлогот на Законот |
| | **Мислење бр. 05-902/2 од 22.03.2024 година** | **Коментари од АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ 22.03.2024** | |
| **15.** | | Агенција за млади и спорт нема забелешки и во целост се согласува со предложениот текст на законот. | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 09-1539/2 од 16.10.2024 година** | **Коментари од БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ 16.10.2024** | |
| **16.** | | Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии во рамки на своите надлежности нема забелешки во однос на Предлог на Законот за социјални претпријатија | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 02-1325/3 од 30.10.2024 година** | **Коментари од ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ 30.10.2024** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 17. | | Фондот за иновации и технолошки развој во рамки на своите надлежности нема забелешки во однос на Предлог на Законот з социјални претпријатија | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 03-10208/2 од 04.11.2024 година** | **Коментари од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО 04.11.2024** | |
| 18. | | Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во рамки на своите надлежности нема забелешки во однос на Предлог на Законот з социјални претпријатија | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 08-2603/3 од 18.10.2024 година** | **Коментари од МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА 18.10.2024** | |
| 19. | | Министерството за правда на Предлог на Законот за социјални претпријатија дава позитивно мислење без забелешки | Нема забелешки |
| | **Мислење бр. 03-2251/2 од 14.10.2024 година** | **Коментари од МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ 14.10.2024** | |
| 20. | | Министерството за спорт согласно надлежностите нема забелешки по Предлог на Законот | Нема забелешки |
| | | **Коментари од КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА 03.12.2025** | |
| 21. | **Мислењето бр. 13-8409/1 од 24.12.2024 година, за забелешката за член 24-26 од Предлог Законот за СП , а во врска со усогласеност со членовите 34-36 и членовите 29-33 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ( Службен весник на Република Македонија" , бр. 03/14)** | 1. Спроведувањето на обуки и практичната работа кај социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање за лицата од социјално ранливи групи (Член 24-26 од Прелог на Законот за социјални претпријатија) треба да се имплементира согласно законодавството за државна помош , односно членовите 34-36 (Обука) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ( Службен весник на Република Македонија" , бр. 03/14) .<br><br>2. Активностите кои ги спроведува социјално претпријатие за работна интеграција, односно вработување на лица од социјално ранливи групи како и мерките за поддршка кои се предвидуваат согласно член 32 став (4) од Прелог на Законот треба да се доделува согласно законодавството за државна помош, односно согласно членовите 29-33 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ( Службен весник на Република Македонија" , бр. 03/14) .<br><br>3. Можноста која се дава согласно член 32 став (4) од Прелог на Законот за социјални претпријатија (субвенција на плата за првите 6 месеци во висина од 100% и во наредните 6 месеци во висина од 50% од минималната плата) не е во согласност со член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ( Службен весник на Република Македонија" , бр. 03/14) , | Забелешките под реден 1 до 3 се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија, во следниве членови:<br>1) Согласно со членот 22 од предлог Законот за СП , СП во Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање го утврдува времетраењето, типови и начин на спроведување на обуките и потребните човечки и финансиски ресурси прикажани во форма и содржина пропишана од министерот социјална политика, демографија и млади.<br>2) Со членот 23 од ЗСП се дефинираат неповратни финансиски средства за купување на основни средства и оперативни трошоци кои ќе се доделуваат согласно мерките и критериумите од Годишната програма[1] за поддршка и развој на социјалните претпријатија<br>3) Во членот 24 од предлог ЗСП е утврдено дека упатување на лице во обука и практична работа согласно Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање е во времетраење од 12 |

[1] Во оваа програма треба точно да се наведе кои се оперативни трошоци (Уредба оправдани трошоци)

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | каде се предвидува помошта да не надминува 50% од оправданите трошоци за период од најмногу 12 месеци по вработувањето , односно од најмногу 24 месеци ако станува збор за помош која се доделува на невработено лице кое активно бара работа.<br><br>4. После усогласување на текстот на Предлог на Законот за социјални претпријатија заедно со Предлог на Законот за социјални претпријатија треба да се достави и Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија предвидени со овој Предлог на Закон.<br><br>5. Известувањето за планирано доделување на помош треба да се достави на образецот даден во Прилог 1 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош ( Службен весник на Република Македонија“ , бр. 142/11) . | месеци, а по исклучок до 18 месеци кога лицето има повеќе видови на социјален ризик, социјална исклученост или социјални проблеми.<br>4) Во членот 25 од предлог ЗСП, во договорот за социјално работно ангажирање е утврдено правото на надоместок за ангажирање во висина од 80% од минимална плата , на кој износ се плаќаат придонеси за задолжително осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување, данок на личен и средства за заштита при работа, а ќе се исплаќаат од Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.<br>5) Надоместокот за ангажирање на лицата од социјално ранливи групи се обезбедува од или преку учество во активна програма или мерка од Оперативниот план за активни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.<br>6) По исклучок надоместокот за социјално работно ангажирање за лицата кои се наоѓаат на издржување на казна затвор се исплаќа согласно Законот за извршување на санкциите.<br>7) Во членот 26 од предлог ЗСП социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање се предвидени трошоци за спроведување на обука и практична работа дефинирани во Програма за социјална реинтеграција и работно ангажирање, која се спроведува со финансиска поддршка од Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, која на предлог на МСПДМ се усвојува од страна на Владата на РС Македонија.<br>8) Во членот 33 од предлог ЗСП е предвидено субвенција на платата за вработеното лице од социјално ранливи групи, во времетраење од најмногу 12 месеци, при што за првите три месеци во висина од 100%, во текот на наредните три месеци во висина од 80%, а во текот на последните шест месеци во висина од 50% од минималната плата. Ова решение е од причина што се работи за работна интеграција на лица од социјално ранливи групи и тешко |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вработливи, односно кои се долготрајно надвор од пазарот на труд и е во согласност со начелото на социјална правда , хуманост и солидарност<br>**Не се прифаќа** забелешката под реден број 4. .<br>Посебно напоменуваме дека Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија ќе биде изготвена по отпочнување на примената на овој закон, за што е предвидена одложена примена (член 62 став (1)), со цел да се изготви овој документ, сите предвидени подзаконски акти и да се формираат комисиите и телата.<br>Во член 43 од овој Предлог-закон е пропишано дека формата и содржината на Годишната програма за развој на социјалните претпријатија ја пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади, што е предвидено да се уреди во подзаконски акт.<br>Пред донесувањето на Годишната програма за развој на социјалните претпријатија, таа ќе биде доставена на консултации до релевантните министерства и институции.<br><br>Се прифаќа забелешката под реден број 5.<br>Планираното доделување на помош, по отпочнување на примената на Предлог на Законот за социјални претпријатија, ќе се достави на образецот - Прилог 1 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош ( Службен весник на Република Македонија" , бр. 142/11). |
| | | **Коментари од МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 07.02.2025** | |
| 22. | **Мислењето бр. 13-311/3 од 07.02.2025 година од Министерството за дигитална трансформација** | Дадени забелешки во член 13 став (1), член 16 став (7), член 57 став (6), член 58 став (3) и член 54 став. | **Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија, во член 13 став (1), член 16 став (7), член 57 став (6), член 58 став (3) и член 54 став.** |

Воедно коментарите, предлозите и забелешките од јавни расправи за Предлог на Законот за социјални претпријатија одржани на 10.11.2023 во Скопје, на 15.11.2023 во Битола и на 17.11.2023 во Штип и од јавен увид на предлогот на Законот за социјални претпријатија беше овозможен од 6.11.2023 до 21.11.2023 година беа земени во предвид во текот на усогласување на текстот на Предлог на Законот за социјални претпријатија.

# КОМЕНТАРИ, ПРЕДЛОЗИ И ЗАБЕЛЕШКИ ОД ЈАВНИ РАСПРАВИ И ЈАВЕН УВИД НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Здружение ХОПС - Опции за здрав живот - Скопје

1.1. Забелешка: проширување на дефиницијата за зависности, додавање жртви на родово насилство и жени од рурални средини.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија, во член 3 став (7), алинеја 2, 15 и 16**

1.2. Забелешка: условот за социјална иновативност да не биде кумулативен.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија**

2. Здружение за ментално здравје Асоцијација Мисла - Скопје,

2.1. Забелешка: член 5 став 2 е вишок и се брише.

2.2. Забелешка : можност подружница да добие статус на СП.

Прифатено, но не во целост: дел од добивката (до 50%) може да се донира за јавен интерес.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија, во член 6 став (1), алинеја 1. Добивката од најмалку 50% од вкупниот приход е поврзано со општите услови за стекнување на статус социјални претпријатие, односно согласно член 6, став (1) алинеја 3 социјалното претпријатие најмалку 50 % од вкупниот приход го остварува од вршење на постојана економска дејност. Кај социјалните претпријатија согласно член 19 од Предлог Законот, главно одлика е ре-инвестирањето на приходите , не донирање.**

Прифатено: Забелешка за учество на вработените во однос на остварениот вишок на приходи

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија Во член 19, став (4) е уредено**

3. МАМА ОРГАНА БИО ДОО Скопје,

3.1. Забелешка: Разгледување поволности во други закони (ќе се усогласи со секторски прописи).

**Со Прелог на Законот за социјални претпријатија во член 62 , став (2) е предвидено усогласување со секторски прописи.**

3.2. Забелешка: за враќање инвестиции преку добивка .

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија во член 19, став (1).**

4. СОС Детско село Македонија – Скопје

4.1. Забелешка: СП да биде посебна правна форма, регистрирана како посебен субјект.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија Во член 19, став (1).**

5. Центар за социјално претприемништво и одржливост ОКРУГ – Скопје

5.1 Забелешка:: распределба на добивката 50% за основачи, 50% за реинвестирање.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија Во член 19, став (1).**

6. Здружение на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО – Скопје

6.1. Забелешка:: предлог за предимство на организации со статус од јавен интерес во критериумите за поддршка.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија во член 3, став (15).**

6.2. Забелешка:: надомест за членовите на Националниот совет за СП за ефикасност во работата.

**Забелешките се прифатени и вградени во текстот на предлог Законот за социјални претпријатија во член 47, став (4).**

5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

МИСЛЕЊА, ЗАБЕЛЕШКИ И СУГЕСТИИ ЗА
ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТРИЈАТИЈА

Детален опис на мислења, забелешки и сугестии за Прелог на Законот за социјални претпријатија со образложенија е даден во Табела 1. Преглед на добиени и вградени мислења по однос на Прелог на Законот за социјални претпријатија

КОМЕНТАРИ, ПРЕДЛОЗИ И ЗАБЕЛЕШКИ ОД ЈАВНИ РАСПРАВИ И ЈАВЕН УВИД
НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Здружение ХОПС - Опции за здрав живот - Скопје
1.1. Забелешка: предлог за нова возрасна граница за млади
**Забелешките не се прифатени затоа што возрасната граници за млади, лица на возраст од 15 до 29 години, е веќе регулирани со Законот за младинско учење и младински политики.**

2. АРНО Здружение за социјални иновации
2.1. Забелешка: Прашања за докажување статус на ранливост и губење статус при неуспешност
**Забелешките не се прифатени, но ќе се земат во предвид при подготовка на подзаконските акти предводени со Предлог на Законот за социјални претпријатија.**
2.2. Забелешка: Забелешка за стручни училишта и дефиниција за добивка
**Забелешките не се прифатени затоа што е средните училишта чија дејност е од јавен интерес и вршат јавна служба, иако се независни првни лица во однос на нивното управување, определување и остварување на целите и дејностите е контролирано од страна на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.**

3. Социјално претпријатие РЕДИ Рециклажа
3.1. Забелешка: даночно ослободување за цело време на вработување на лица од социјални ранливи групи во социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање и во социјално претпријатие за работна интеграција.

**Забелешките не се прифатени затоа што преведените даночни ослободувања и субвенции се врзуваат за период на финансиска поддршка. Предлог на Законот за социјални претпријатија согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош (Службен весник на Република Македонија, бр.03/14) предвидува механизми за финансиска поддршка, како што се:**

- **Помош за обука (општа и/или посебна обука) за лица од социјално ранливи групи,**
- **Помош за вработување во форма на субвенции на плата, надоместок за ангажирање и/или придонеси од социјално осигурување за лица од социјално ранливи групи/лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот,**
- **Инвестициска помош поврзани со инвестиции во основни средства (оправдани средства) за спроведување на обуки и инвестиции за креирање на работни места.**

**Исто така нормативно е уреден максималниот износ и период за доделување на државна помош, кои нормативи ќе се применуваат при спроведување на Предлог на Законот за социјални претпријатија и предвидените механизми за финансиска поддршка во истиот.**
3.2. Забелешка: Неформалните собирачи на отпад да се предвидат како посебна категорија под дефиницијата, поимникот за „лица од социјално ранливи групи"
**Забелешките не се прифатени затоа што неформалните собирачи на отпад се веќе опфатени во постојните дефиниции) поимникот за лица од социјално ранливи групи" .**

4. ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување
4.1. Забелешка: СП да биде посебна форма, различна од трговски претпријатија.
**Забелешките не се прифатени**

5. Центар за интеграција и поддршка
5.1. Забелешка: малцинските заедници да се предвидат како посебна категорија под дефиницијата, поимникот за „лица од социјално ранливи групи"

**Забелешките не се прифатени затоа што малцинските заедници како посебна категорија на лица од социјално ранливи групи не кореспондира со уставниот граѓански концепт).**

6. Здружение на граѓани „Милениум" – Тетово

4.1. Забелешка: лиценцирани даватели на социјални услуги да функционираат како социјални претпријатија.

**Забелешките не се прифатени во целост. Социјалните услуги што се обезбедуваат од лиценцирани и овластени даватели на социјални услуги (склучен Управен договор со Министерството за социјална политика , демографија и млади (Министерство за труд и социјално политика) се финансираат од буџетски средства, и може да дојде до двојно финансирање или да се надмине максимумот за доделувањето на државната помош кој е нормативно уреден. Но, ќе се разгледа дополнително, затоа што Препораките од Советот на ЕУ C/2023/1344 препорачуваат да се признае улогата на социјалната економија во обезбедувањето достапни и висококвалитетни социјални услуги и услуги за нега, вклучително и соработка со нив за дизајнирање и испорака на грижа за деца, стари лица и лица со попреченост.**

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Предложените законски решенија ќе го поттикнат развојот на социјалното претприемништво преку отворање и функционирање на социјални претпријатија, создавање нови работни места и вклучување на најранливите групи на пазарот на труд.

- Позитивни влијанија: економски раст, социјална инклузија, намалување на сиромаштијата, развој на локални заедници.
- Негативни влијанија: потреба од дополнителни буџетски средства и ризик од недоволна институционална координација.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Главен ризик е обезбедувањето на соодветен и доволен износ на финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија. Дополнителни ризици се:

- Недоволна административна подготвеност за спроведување на новите процедури.
- Ограничени капацитети на институциите за мониторинг и евалуација.
- Потенцијална недоволна заинтересираност на приватниот сектор за соработка.

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Со донесување на Законот ќе се утврдат:

- Цели и принципи на социјалното претприемништво.
- Карактеристики, услови и критериуми за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие.
- Услови за работа и инструменти за поддршка и развој.
- Посебни услови за работа на социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работна интеграција.
- Обезбедување поддршка на социјалните претпријатија, развој, спроведување и следење политики.
- Евиденција и надзор над работењето на социјалните претпријатија.
- Финансиска рамка и механизми за поддршка, вклучително субвенции, даночни олеснувања и пристап до фондови.

Донесувањето на законот ќе овозможи:

- Сигурност за постојните претпријатија кои веќе функционираат како социјални претпријатија.
- Јасна рамка за финансиска поддршка и мониторинг.
- Институционална стабилност и долгорочен развој на социјалното претприемништво.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Законот ќе предизвика соодветни промени во следните закони: Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Законот за социјалната заштита, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Законот за работните односи, Законот за данокот на личен доход, Законот за данокот на добивка, Законот за волонтерството и Законот за здруженија и фондации.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

За имплементација на Законот потребно е да се донесат следниве подзаконски акти во рок од 90 дена од стапување на сила на законот:

1. Правилник за начинот на избор, именување и разрешување на членовите на Комисијата за социјални претпријатија.
2. Правилник за формата и содржината на барањето за стекнување на статус на социјално претпријатие.
3. Правилник за формата и содржината на образецот на годишен извештај за работата на социјалното претпријатие.
4. Правилник за формата и содржината на програма за социјална реинтеграција и работно ангажирање.
5. Правилник за формата и содржината на Годишната програма за поддршка и развој на социјалните како и условите за избор на јавен повик на правно лице за давање непосредна поддршка на социјални претпријатија.
6. Правилник за начинот на избор, именување и разрешување на членовите на Националниот совет за социјално претприемништво.
7. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на социјални претпријатија и
8. Правилник за определување на квантитативни и квалитативни критериуми за објавување на јавен повик за доделување на средства за поддршка на социјалните претпријатија.
9. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на плата
10. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на придонеси од задолжително социјално осигурување
11. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на придонеси од задолжително социјално осигурување.

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

- Министерство за социјална политика, демографија и млади,
- Министерство за финансии,
- Министерство за економија и труд,
- Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија,
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија,
- Меѓуопштински центри за социјална заштита.

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

За ефикасно спроведување на законот ќе се преземат следните активности:

- Објавување на законот на веб-страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, веднаш по неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".
- Донесување на подзаконски акти и усогласување на другите прописи во утврдениот рок, со цел да се обезбеди целосна примена на законските одредби.
- Формирање на Национален совет за социјално претприемништво, како советодавно тело за развој и следење на политиките во оваа област.
- Формирање на Комисија за статус на социјални претпријатија, која ќе биде надлежна за признавање, следење и престанок на статусот на социјално претпријатие.
- Избор на правно лице за давање на поддршка на социјалните претпријатија.

- Воспоставување на систем за мониторинг и евалуација, кој ќе овозможи следење на имплементацијата и проценка на ефектите од законот.
- Организирање на информативни и едукативни кампањи, со цел запознавање на јавноста и засегнатите страни со новите можности и процедури.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето ќе се врши од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Националниот совет за социјално претприемништво. За таа цел ќе се воспостави систем за редовно прибирање, обработка и анализа на податоци од социјалните претпријатија, како и механизам за координација меѓу институциите.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Ефектите ќе се следат на годишно ниво преку:

- Доставување на извештаи од страна на социјалните претпријатија за нивното работење и постигнатите резултати.
- Годишен извештај подготвен со поддршка правното лице за вршење на работите за давање на поддршка на социјалните претпријатија.
- Спроведување на Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија.
- Ефектите ќе можат да се согледаат најрано три години по стапувањето во сила и примената на Законот за социјални претпријатија. Се очекува бројот на вработувања на лица од најранливите групи на пазарот на труд да се зголеми за приближно 10% по третата година од имплементацијата.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Deklarata e Sekretarit Shtetëror**

**Draft-Raporti i Vlerësimit të Ndikimit të Rregullativës është përgatitur në përputhje me Metodologjinë e Vlerësimit të Ndikimit të Rregullativës. Ai ofron vlerësim realist të ndikimeve të mundshme dhe efekteve të pritura, si dhe shpenzimeve që lidhen me secilën prej zgjidhjeve (opsioneve) të mundshme të identifikuara për zgjidhjen e problemit.**

**Датум/Data: 20.01.2026**

..............................................

**потпис на државен секретар/nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror**

Fatmir Sabriu

**Државен секретар/Sekretarit Shtetëror**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Deklarata e Ministrit**

**Bazuar në rezultatet nga analizat e treguara në Raportin e Vlerësimit të Ndikimit të Rregullativës, mendoj se zgjidhja (opsioni) i rekomanduar përfaqëson mënyrën më të mirë për zgjidhjen e problemit dhe arritjen e efekteve të pritura në mënyrën më ekonomike.**

**Датум/Data:________________**

..........................................

**потпис на министерот / nënshkrimi i ministrit**